Република Северна Македонија
Министерство за спорт

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Sportit

Бр. 11 - 1544/11
13 -10- 2025 .2025 год

До: Владимир Пандовски,
Агенција за слободен пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, а по овластување на Министерот за спорт, согласно Решение број 03-2613/1 од 20.11.2024 година, постапувајќи по Жалба по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од Владимир Пандовски , Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 10.10.2025 година, го донесе следното

РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од Владимир Пандовски со бр. 11-1544/10 од 29.09.2025 година, доставено до Министерство за спорт како имател на информацијата СЕ УСВОЈУВА.

Образложение

До Министерствоо за спорт на 29.09.2025 година беше поднесена жалба по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со арх.бр. 11-1544/10, и арх. бр. на АСПИ 08-444, во кое се бараат следниве информации:

1. Годишни извештаи за потрошени парични средства доставени до Агенција за млади и спорт/Министерство за спорт од страна на Македонска спортско стрелачка федерација, со пропратна документација (патни налози, сметки, фактури) во врска) во врска со Програма 20, Програма 40, Програма за распределба на средства од игри на среќа и програма за развој на спорт и млади , како и Програма за спортска надеж доделени за 2022,2023,2024 година?
-Во прилог се бараните информации.

2. Извештаи за потрошени парични средства доставени до Агенција за млади и спорт/Министерство за спорт од страна на Македонска спортско стрелачка федерација, со пропратна документација (патни налози, сметки, фактури) во врска со т.н. спортски ваучери , доделени за 2022,2023,2024 година.
--Во прилог се пропратниот дел на веќе доставените договори во вид на фактури, патни налози.

Напомена: Од причина што во предходни решенија ви се доставени годишните извештаи, во прилог ви ги доставуваме бараните пропратни документи за истите (фактури, патни налози...) кои поради обемноста на материјалот, истите ќе бидат проследени таксативно-по години.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението

Министерство за спорт
бр.11-1544/11
10.10.2025 година

Министер
Борко Ристовски

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Дијана Софтовска
Доставено до: - Барател на информацијата - Сектор - Архива